20242594556

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 100 став (2) од Законот за административни службеници „Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА СПРОВЕДЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведувањето на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на овој закон (во натамошниот текст: Годишниот извештај).

Член 2

Годишниот извештај содржи:

- број на планирани надзори согласно Годишната програма за работа и месечните оперативни планови на Државниот управен инспекторат;
- податоци за извршени редовни надзори (број, институција во која е извршен надзорот, утврдени недостатоци, изречени мерки, поведени дисциплински постапки, поведени прекршочни и кривични постапки);
- податоци за извршени вонредни надзори (број, институција во која е извршен надзорот, утврдени недостатоци, изречени мерки, поведени дисциплински постапки, поведени прекршочни и кривични постапки);
- податоци за извршени контролни надзори (број, институција во која е извршен надзорот, отстранети недостатоци, изречени мерки, поведени дисциплински постапки, поведени прекршочни и кривични постапки);
- табеларен и графички приказ на извршените надзори; и
- податоци за планираниот, но неспроведен надзор, со образложение на причините за неспроведување на надзорот.

Член 3

Годишниот извештај се објавува до крајот на првото тримесечје во тековната година за изминатата година, на веб локацијата на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината на годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/14
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за јавна
администрација,
Горан Минчев, с.р.